

**Калистрат Зографски**

Калистрат Зографски (3. V 1821 – 1913) е теолог, православен црковномузички деец и композитор на духовни напеви од Македонија. Замонашен на Атос, во манастирот Зограф, Калистрат со својата севкупна дејност достигнал до должноста Архимандрит. Како уредник на манастирските изданија и преведувач од грчки и од романски јазик, дал значаен придонес кон збогаувањето на црковнословјански музички репертоар. Од грчки ги превел службите на св. Климент, св. Наум, св. Седмочисленици и др. Најобемниот труд под негова редакција е четиритомното дело со Хрисантова нотација: 'Восточно црковно пеење' (Солун, 1905)"

Калистрат Зографски е роден на 3 мај 1821 година во Струга. Неговото световно име е Крстан Санџакоски. Основното образование и почетоците на теолошкото образование ги стекнал во својот роден град. Според некои сознанија тој ја посетувал музичката школа на Наум Миладин, брат на Константин и Димитар Миладинов, каде ги усвоил теориските основи на византиската диховна музика.

До заминувањето на Света Гора, Крстан Санџакоски бил наставник по грчки јазик и даровит црковен пеец. Причина за неговото напуштање на учителската служба во Струга била трагичната смрт на браќата Миладиновци. Во знак на протест Крстан Санџакоски заминал за Света Гора и се замонашил во манастирот Зиграф. Под името Калистрат, тој со својата севкупна дејност достигнал до должноста Архимандрит.

Во манастирот Зограф, Калистрат развил широка и плодна теоретска, композиторска и преведувачка дејност, што му обезбедило голем углед меѓу познавачите на источната црковна музика. Калистрат Зографски е можеби најдобриот познавател на византиската невматска лествица, создадена од славниот подвижник, композитор и псалт, Св. Јован Кукузел (XII век).

Калистрат Зографски бил познат по својата длабока и непоколеблива припадност на монашкиот живот, но и за неговиот патриотизам и предаденоста на Националната

преродба. Како уредник на манастирските изданија и преведувач од грчки и од романски јазик, Калистрат дал значаен придонес кон збогаувањето на црковнословјанскиот музички репертоар. Од грчки ги превел службите на св. Климент, св. Наум, св. Седмочисленици и др. Најобемниот труд под негова редакција е четиритомното дело со Хрисантова нотација: 'Восточно црковно пеење' (Солун, 1905)".

Најраната пишана трага од Калистрат е ракописната Псалтикија напишана 1862 година, а пронајдена во 1982 во с. Лазарополе. Основната вредност на овој ракопис е тоа што насловите се напишани на македонски говорен јазик. Сепак, негово најзначајно дело е зборникот Восточно црковно пеење, во четири тома, кое го издава во Солун, во 1905 година.

Освен со преведувачка и композиторска дејност, Калистрат Зографски се занимавал и со теоријата на источното црковно пеење. Неговиот единствен теоретски труд има наслов Правила и претставува вовед во Воскресеникот-првиот дел од зборникот Восточно церковно пение. Разбирливоста и едноставноста на јазикот со којшто Калистрат говори во оваа кратка граматика го оддаваат високиот степен на образованост и студиозноста, од една, и неговото суверено владеење со теоријата на Хрисантовиот музички систем, од друга страна.

Калистрат Зографски починал во зографската монашка киновија во 1913 година. Поради неговиот смирен, аскетски живот се смета за еден од најомилените духовници на Атонскиот манастир Зограф. Неговите мошти до денес се чуваат во зографската монашка костурница.

Исто така, поради неговиот заслуги кон неговата родна Струга, во црквата Св Ѓорѓи е запишана општинската одлука од 1894 година, која гласи: „Нека споменот на Калистрат да биде вечен за неговиот придонес кон црковната заедница и општината.“

Денес делата на Калистрат Зографски од Струга и неговиот придонес кон музичките и филолошките науки, се предмет на бројни студии во современите научни кругови.

(извор: МЕ, Скопје, 2009 т. I, 664 )